РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1423/3
15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под бр. 12-1423/1 од 29.04.2025 година, поднесена во врска со незадоволство од одолговлекувањето на решавање на кривичен предмет, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Судски совет на Република Северна Македонија и Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-1423/1 од 29.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 29.04.2025 година, поднесена е пријава во врска со незадоволство од одолговлекувањето на решавање на кривичен предмет (не наведува архивски број и датум) чиешто решавање се одолговлекувало 15 години.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнил дека не му се закажувало рочиште коешто му следувало по закон, што укажувало на злоупотреба на службената должност од страна на низа јавни обвинители и судии (наброени со име и со презиме), за коишто цени дека треба да бидат предмет на истрага за злоупотреба на службената должност и несовесно вршење на работата.

Согласно пропишаното во член 36 став 1 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" 102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава ќе се достави до Судски совет на Република Северна Македонија и Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р. Билјана Каракашова Шулев

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: М-р С.Д , Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата